Бр. 12-1007/4
11-06-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1007/1 од 05.03.2019 година од причина што во пријавата не се наведени наводи за конкретен случај на прекршување или коруптивно дејствие.

Предметот со број 12-1007/1 од 05.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1007/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител.

Содржината на пријавата не содржи наводи за конкретен случај, туку изразено е општо незадоволство на подносителот на пријавата, засновано на интервју емитувано на електронски медиум, за начинот и критериумите во постапките за вработување на нови лица во државните институции во изминатиот период.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на конкретен случај на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk